РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	27.10.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	6545/1	0	

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за трансформација во редовен работен однос, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Гојановски

Никола Мицевски

Бобан Корогеновски

Весна Фоки

[1] 08-6545/1 [2026]

ПРЕДЛАГАЧИ: група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС, по скратена постапка

Скопје, октомври 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на закон за трансформација во редовен работен однос се пристапува кон системско решавање на долгогодишен, односно дециниски проблем со кој се соочуваат голем број лица во јавниот сектор ангажирани со договори на дело, авторски договор или друг договор за извршување на работа. Овој начин на ангажирање, иако бил оправдан поради потребата од флексибилност и брзо ангажирање на неопходен стручен кадар, со текот на времето доведе до создавање на системски проблеми во однос на работните односи, правната сигурност и еднаквиот третман на работниците.

Голем дел од овие лица извршуваат работни задачи кои по својата природа се континуирани, систематизирани и суштински за функционирањето на институциите. И покрај тоа, тие остануваат со статус на привремено ангажирани лица, без соодветна заштита на правата кои произлегуваат од редовен работен однос, како што се сигурноста на работното место, право на платен одмор, социјално и пензиско осигурување и други права утврдени со закон.

Оваа состојба создава правна несигурност за ангажираните лица, ја намалува нивната мотивација и продуктивност и негативно влијае врз квалитетот на јавните услуги. Дополнително, се нарушува принципот на еднаков третман, бидејќи лица кои извршуваат исти или слични работни задачи имаат различен правен статус и различни права, но без да имаат статус на вработени на неопределено време.

Постојната законска рамка не обезбедува доволно ефикасни, јасни и одржливи механизми за системско решавање на проблемот со долгорочно ангажирани лица преку договори, поради што се наметнува потребата од донесување на нов закон.
Со овој закон ќе се воспостави постапка за трансформација на ваквите ангажмани во редовен работен однос на неопределено време, врз основа на однапред утврдени услови, постапки и рокови, со што ќе се обезбеди правна сигурност и еднаков третман на засегнатите лица.

Дополнително, со ограничувањето на идното ангажирање на лица по основ на договори, се спречува повторно создавање на вакви состојби и ќе придонесе за воспоставување поефикасен систем на вработување.

Преку ова законско решение, државата покажува јасна заложба за почитување на работничките права, зајакнување на владеењето на правото и обезбедување достоинствени услови за работа, при што се става крај на еден долгогодишен проблем кој влијаеше врз илјадници граѓани.

Причини за донесување на овој закон се:

- обезбедување правна сигурност и стабилност на работниот однос,
- обезбедување на еднаков третман на работниците,
- намалување на несигурноста на работниот статус,
- унапредување на правата на работниците,
- зголемување на ефикасноста и професионалноста во јавниот сектор,

- усогласување со принципите на владеење на правото и социјалната правда,
- намалување на злоупотребите на договорните ангажмани.

Поради наведеното, се наметна потребата од системско уредување на статусот на овие лица преку нивна трансформација во работен однос на неопределено време, но истовремено и воведување на јасни ограничувања за идните ангажмани по договор.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на овој закон е обезбедување на правна сигурност и еднаков третман на лицата ангажирани во институциите, преку нивна трансформација во редовен работен однос на неопределено време.

Законот се темели на начелата на законитост, транспарентност, социјална сигурност и еднаков третман на лицата ангажирани со договор во државната и јавната администрација.

Основните решенија што ги предвидува овој Предлог на закон се:

- утврдување на услови под кои може да се изврши трансформација на договорниот ангажман во работен однос на неопределено време,
- обврска на институциите да ги усогласат актите за систематизација,
- активно вклучување на Министерството за финансии во процесот, преку издавање согласност за обезбедени финансиски средства, со што се гарантира фискална дисциплина, одржливост на буџетот и контролирано спроведување на трансформацијата,
- постепено, фазно вработување на опфатените лица (до 50% во првата фаза и целосна реализација на преостанатиот број до 31.12.2027), со цел да се обезбеди континуитет во работењето на институциите,
- заштита на ангажираните лица од раскинување на договорот до завршување на трансформацијата,
- ограничување на идни договори по извршената трансформација, како и исклучоци од овие решенија.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон ќе има финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, имајќи предвид дека трансформацијата на ангажираните лица во работен однос на неопределено време ќе доведе до зголемување на расходите по основ на плати, придонеси и други надоместоци кои произлегуваат од работен однос.

Сепак, дел од овие трошоци веќе постојат во форма на исплати по основ на договори, така што реалното зголемување ќе се однесува на разликата помеѓу договорните надоместоци и вкупните трошоци за вработување.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон потребните финансиски средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија и соодветните институции.

V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

(1) Со овој закон се регулира трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за работа на определено време, договор на дело и/или авторски договор и договор за отстапување на работник од страна на агенција за привремени вработувања кои извршуваат работа во органите на државната власт, установите од областа на културата, здравството, детската и социјалната заштита основани од Република Северна Македонија, јавните претпријатија, заводите, фондовите, лицата ангажирани за административни работи во единиците на локалната самоуправа и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: институции), како и ограничување на периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат со договор.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, одредбите на овој закон не се применуваат на лицата ангажирани со договор за работа на определено време, договор на дело и/или авторски договор и договор за отстапување на работник од страна на агенција за привремени вработувања со кој лицето е ангажирано за извршување на работа во акционерските друштва, во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици, воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија при Министерството за одбрана, општински и државни основни и средни училишта, општински и државни ученички и студентски домови, како и високообразовните и научните установи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Бирото за јавна безбедност, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање.

Член 2

Трансформирањето во работен однос на неопределено работно време ќе се искористи исклучиво за лицата од членот 1 став (1) од овој закон, кои извршуваат работи врз основа на договор склучен до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

(1) Институциите се должни да склучат договори за засновање на работен однос на неопределено време, односно да донесат решенија за вработување со лицата ангажирани со договор во рок од 90 дена од стапување на сила на овој закон.

(2) Договорите за вработување, односно решенијата за вработување од став (1) од овој член се донесуваат на следниот начин:

1) договорите, односно решенијата за вработување за најмногу 50% од вкупно ангажираните лица стапуваат на сила со нивното потпишувањето, односно со донесувањето,

2) договорите, односно решенијата за вработување за преостанатиот број од вкупно ангажираните лица, стапуваат на сила најдоцна до 31.12.2027 година.

(3) Институциите не смеат да го раскинат договорот со лицата определени во член 2 од овој закон во периодот до стапување на сила на решенијата од став (1) од овој член, освен ако лицата ги повредат обврските преземени со договорот согласно закон.

(4) Во случај на повреда на обврските преземени со договорот, договорите за работа, односно решенијата за работа од ставот (1) на овој член се поништуваат.

Член 4

(1) Министерството за финансии издава согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 2 од овој закон (во понатамошниот текст: согласност), на барање на институциите.

(2) Министерството за финансии може да не издаде согласност доколку оцени дека не се исполнети условите утврдени со овој закон или трансформацијата не е во согласност со расположливите буџетски средства.

(3) Кон барањето до Министерството за финансии, институциите задолжително ги доставуваат договорите со кои се ангажирани лицата од членот 2 од овој закон.

(4) За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

Член 5

(1) Постапката за пријавување на лицата со кои се склучени договори за работа, односно за кои се донесени решенија за вработување, во Агенција за вработување на Република Северна Македонија, покрај пропишаната документација опфаќа и приложување на согласноста од член 4 став (1) од овој закон.

(2) Лицата кои ќе го остварат правото од членот 3 од овој закон треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за вработување на соодветното работно место утврдени со закон и со актите за систематизација на институцијата.

Член 6

(1) По извршеното трансформирање на работниот однос во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 2 од овој закон, институциите од членот 1 став (1) од овој закон можат да ангажираат лица со договор за работа на определено време, договор за отстапување на работник од страна на агенција за привремени вработувања, со договор на дело, авторски договор за извршување на работа најмногу до 10% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, по претходно обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент најмногу до четири месеци во текот на една фискална година, по претходно обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии.

Член 7

Ограничувањата од членот 6 од овој закон не се однесуваат на:

- лицата ангажирани на еднократни проекти или проектни единици финансирани од странски извори,
- адвокати кои врз основа на договор за правни услуги се ангажирани за давање правна помош, правно советување и застапување на институциите од член 1 став (1) од овој закон,
- овластени сметководители и овластени сметководствени друштва кои врз основа на договор се ангажирани за вршење сметководствени работи за институциите од член 1 став (1) од овој закон и
- стручни лица кои се ангажираат за потребите на Бирото за процена, повремени набљудувачи во Управата за хидрометеоролошки работи, надворешните соработници

кои се ангажирани за потребите на пратеничките групи во Собранието на Република Северна Македонија и лица за непосредно прибирање на податоци во Државниот завод за статистика.

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 8

На лицето кое раководи со институцијата од член 1 став (1) од овој закон кое постапува спротивно на одредбата од членот 6 од овој закон ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Лицата од членот 2 од овој закон кои склучиле договор за вработување, односно за кои е донесено решение за вработување, продолжуваат со ангажманот во институцијата до стапување во сила на договорот, односно решението за вработување.

Институциите кои за трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 1 став (1) на овој закон треба да ги усогласат актите за систематизација на работните места, истите ќе треба да ги донесат најдоцна во рок од 14 работни дена од денот на влегување во сила на овој закон, според прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Репулблика Македонија” број 20/15, 44/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 3/25).

Член 11

Одредбата од членот 6 на овој закон ќе започне да се применува од 01.01.2028 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за трансформација во редовен работен однос се пристапува кон системско решавање на долгогодишен, односно дециниски проблем со кој се соочуваат голем број лица во јавниот сектор ангажирани со договори на дело, авторски договор или друг договор за извршување на работа. Овој начин на ангажирање, иако бил оправдан поради потребата од флексибилност и брзо ангажирање на неопходен стручен кадар, со текот на времето доведе до создавање на системски проблеми во однос на работните односи, правната сигурност и еднаквиот третман на работниците.

Предлогот на закон за трансформација во редовен работен однос содржи 12 члена.

Со членот 1 се уредува предметот на предложениот Закон, односно трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за работа на определено време, договор на дело, авторски договор, договор за отстапување на работник од страна на агенција за привремени вработувања за извршување на работа во институциите опфатени со Предлогот на закон. Исто така, се утврдуваат институциите на кои се однесува Предлогот на закон и се пропишуваат исклучоците, односно институциите и категориите лица за кои одредбите не се применуваат.

Со членот 2 се утврдуваат лицата кои можат да го остварат правото на трансформација во работен однос на неопределено работно време. Правото се однесува исклучиво на лицата кои на денот на влегувањето во сила на законот извршуваат работа врз основа на договор.

Со членот 3 се уредува обврската на институциите да склучат договори за вработување на неопределено работно време, односно да донесат решенија за вработување со лицата опфатени со законот, во рок од 90 дена од денот на неговото стапување во сила. Се утврдува дека договорите, односно решенијата за најмногу 50% од вкупно ангажираните лица стапуваат во сила со нивното потпишување, односно донесување, додека преостанатиот број треба да стапи во сила најдоцна до 31.12.2027 година. Исто така, се уредува заштитата на лицата од раскинување на договорот во периодот до стапување во сила на решенијата за вработување, освен во случај на повреда на договорните обврски, како и последиците во случај на таква повреда.

Со членот 4 се уредува постапката за обезбедување финансиска согласност од Министерството за финансии за трансформирање на работниот однос на неопределено работно време. Се утврдува дека согласноста се издава на барање на институциите, при што Министерството за финансии може да одбие да ја издаде доколку не се исполнети законските услови или доколку трансформацијата не е во согласност со расположливите буџетски средства. Дополнително, се пропишува обврската за доставување на договорите со кои се ангажирани лицата, како и начинот на поднесување на барањето за институциите кои се буџетски корисници од втора линија.

Со членот 5 се уредува постапката за пријавување на лицата со кои се склучени договори за вработување, односно за кои се донесени решенија за вработување, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Како задолжителен документ се предвидува доставувањето на финансиската согласност од Министерството за финансии.

Членот 6 ги уредува ограничувањата за понатамошно ангажирање лица со договори по извршеното трансформирање на работниот однос на неопределено работно време. Се пропишува дека институциите можат да ангажираат лица со договор за отстапување на работник од агенција за привремени вработувања, договор на дело и авторски договор за извршување на работа, најмногу до 10% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, со претходно обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии. Предвиден е и исклучок со кој институциите можат да го надминат утврдениот процент најмногу четири месеци во текот на една фискална година, исто така со претходно обезбедена финансиска согласност.

Со членот 7 се уредуваат исклучоците од ограничувањата за ангажирање лица предвидени во членот 6. Ограничувањата не се однесуваат на лицата ангажирани на еднократни проекти или проектни единици финансирани од странски извори, адвокатите ангажирани за давање правни услуги, овластените сметководители и овластените сметководствени друштва ангажирани за вршење сметководствени работи, како и на стручните лица ангажирани за потребите на Бирото за процена, надворешните соработници кои се ангажирани за потребите на пратеничките групи во Собранието на Република Северна Македонија, повремените набљудувачи во Управата за хидрометеоролошки работи и лицата за непосредно прибирање податоци во Државниот завод за статистика.

Со членот 8 се уредуваат прекршочните одредби, односно се утврдува глобата за лицето кое раководи со институцијата опфатена со законот, доколку постапува спротивно на одредбите од членот 6. За стореният прекршок е предвидена глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност.

Членот 9 ги уредува преодните прашања поврзани со лицата кои ќе склучат договор за вработување, односно за кои ќе биде донесено решение за вработување. Се утврдува дека овие лица продолжуваат со ангажманот во институцијата до стапување во сила на договорот, односно решението за вработување. Исто така, се утврдува рок од 14 работни дена од денот на влегувањето во сила на законот за институциите да ги усогласат и донесат актите за систематизација на работните места, доколку тоа е потребно за спроведување на трансформацијата, согласно прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на законот.

Со членот 10 се уредува дека со денот на влегувањето во сила на новиот закон. престанува да важи постојниот Закон за трансформација во редовен работен однос.

Со членот 11 се утврдува почетокот на примената на одредбата од членот 6, односно се уредува дека ограничувањата за ангажирање лица со договори ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2028 година.

Со членот 12 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон ќе се обезбеди правна сигурност и еднаков третман на лицата ангажирани во институциите, преку нивна трансформација во редовен работен однос на неопределено време. Со ова се пристапува кон системско решавање на долгогодишниот, односно деценски проблем со кој се соочуваат голем број лица во јавниот сектор ангажирани со договори на дело, авторски договор или друг договор за извршување на работа.